Дневни билтени
2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020

# Извадок на дел од дневни настани 24.12.2020

На 23.12.2020 во 20.30 часот во Куманово од страна на полициски службеници е лишен од слобода С.В.(27) од Куманово, бидејќи при преглед кај него е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава до надлежното обвинителство.

На 23.12.2020 во 20.50 часот полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе го лишиле од слобода Т.Г.(49) од Свети Николе, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи" по чл.396 од Кривичниот законик. При претрес во неговиот дом во Свети Николе, биле пронајдени и одземени 150 парчиња различни пиротехнички средства. По комплетирање на случајот, против Т.Г. ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 23.12.2020 околу 19.30 часот, на автопатот Тетово-Скопје, во близина на наплатната станица Желино, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Б.С.(31), А.Ш.(32) и И.Х.(31), тројцата од гостиварски Градец. При нивен и преглед на возилото „мерцедес", со странски регистарски ознаки, што го управувал Б.С., пронајден им бил кокаин. Тие биле задржани во Полициската станица Тетово и по целосното расчистување и документирање на случајот ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 24.12.2020 во 02.25 часот на Граничен премин „Деве Баир", лишен е од слобода Х.Д.Ц.(49) од Р.Турција, кој управувал товарно возило „рено" со полуприколка „тирсан", со турски национални ознаки, бидејќи при увид доставил фалсификувани меѓународни зелени карти, издадени од Р.Турција. Лицето е предадено во Полициска станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 23.12.2020 во 17.40 часот на подрачјето на Полициска станица Бит Пазар од слобода е лишен О.У.(36) од Скопје, бидејќи при преглед кај него, полициски службеници пронајдоа и одзедоа марихуана. По целосно докуементирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава до надлежното обвинителство.

На 23.12.2020 во времето од 08.00 до 16.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена акциска контрола за откривање на прекршоци за неправилно престигнување и обиколување. Во акциската контрола биле констирани 91 прекршок, од кои 17 по акциската контрола и 74 останати прекршоци, кои се соодветно санкционирани.

На 23.12.2020 во 21.00 часот на автопатот Скопје - Тетово, на обиколница на град Скопје, после клучка Мирковци, Д.З.(25) од Скопје, управувајќи мотоцикл „априлија", со скопски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од коловозот. По незгодата Д.З. бил пренесен во Градска општа болница „Св.Наум Охридски", каде им подлегнал на повредите. Извршен е увид на местото на незгодата, а по наредба на Јавен обвинител, телото на починатиот е предадено на обдукција.

На 23.12.2020 СВР Штип спроведе акциска контрола на возачи кои вршат непрописно престигнување на возила. Притоа, преземени биле осум мерки по акциската контрола, а санкционирани се и 35 останати прекршоци.

На 23.11.2020 во 18.10 часот во Полициска станица Центар, С.В.(70) од Скопје пријавил дека на ул.„Народен фронт" бил каснат од куче скитник.

На 23.12.2020 во 14.10 часот во Полициска станица Кисела Вода, Ѓ.Н.(67) од Скопје пријавил дека на ул.„Вера Јоциќ" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 23.12.2020 во 23.10 часот на подрачје на Кисела Вода, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Б.К.(30) од Скопје, кој управувал патничко возило „форд", со скопски регистарски ознаки, бидејќи при негов и преглед на возилото била пронајдена прашкаста материја. По целосно докуементирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава до надлежното обвинителство.

Одделението за внатрешни работи Прилеп поднесе кривична пријава против Б.А.(33) од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „измама". На 30.12.2019 пријавениот телефонски се јавил на Ц.Т., претставувајќи се дека се јавува од фирма и му кажал да оди до Струмица за да земе производи од друга фирма. Додека Ц.Т. во Струмица ја товарал робата, повторно телефонски бил контактиран од пријавениот, кој побарал него да остави 20.000 денари кај едно лице во Велес, но бидејќи Ц.Т. немал пари, се договориле робата да ја однесе во стовариште во Скопје и да се врати во Прилеп. Вечерта во 21.00 часот, пријавениот повторно му се јавил на Ц.Т. и му рекол дека турата за Струмица отпаѓа, а има нова тура за Куманово, при што му дал број од лице во фирма од каде требало да товари производи. Кога Ц.Т. наредниот ден пристигнал во Куманово, на неколку наврати се обидел телефонски да го контактира лицето посочено од пријавениот, но не успеал да го добие, по што сфатил дека бил измамен.

На 23.12.2020 во 16.00 часот во просториите на Одделението за внатрешни работи Прилеп, К.Д.(49) од Прилеп пријавила дека околу 15.40 часот во цвеќарница во Прилеп едно лице сакало да купи производи со банкнота од 50 евра по што, при обид во менувачница да ја замени банкнотата, пријавителката била известена дека е фалсификувана. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи при Одделението за внатрешни работи Гостивар, поднесе кривична пријава против Б.С.(41) од с.Шишево, скопско, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница". На 29.09.2020 околу 10.00 часот, во с.Галичник, во бачило сопственост на Џ.С., брат на пријавениот, И.Н.(52) од Скопје, во својство на ветеринарен лекар, заедно со уште тројца контролори, сите вработени во АФПЗРР „Платежна агенција" – Скопје отишле службено за да извршат претходно закажана контрола во бачилото - фирма барател на субвенции. При објаснување на постапката на контролата од страна на ветеринарот, Б.С. почнал агресивно да се однесува кон И.Н., по што употребил физичка сила и се обидел да го нападне со остар предмет, но бил спречен во намерата.

На 23.12.2020 во 21.35 часот во СВР Скопје, В.Л.(39) од Скопје пријавила дека околу 21.00 часот во тобако на подрачјето на Кисела Вода едно лице со закана се обидело да ја отвори касата, но не успеало во намерата. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 22.12.2020 во 10.00 часот во Одделението за внатрешни работи Прилеп, З.З.(53) од Прилеп пријавил дека неговиот син В.З.(25) се оддалечил од домот. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Одделението за внатрешни работи Прилеп поднесе кривична пријава против Ф.А.(23) од с.Манастир, прилепско, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 14.11.2020 на ул. „Кузман Јосифоски", по претходна расправија, Ф.А. физички го нападнал М.М.(33) од Крушево, нанесувајќи му повреда.

СВР Струмица поднесе три кривични пријави против А.В.(46), Л.В.(35), И.Ѓ.(22), И.М.(25), сите од с.Баница, С.Т.(56) од Струмица, правно лице од Струмица и Ѓ.Ѓ.(60) од Струмица, раководител на правното лице, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 05.06.2020 во 16.30 часот, И.Ѓ. и И.М. биле затекнати пред продавница како се послужени од А.В., сопственик на правното лице и со тоа ја прекршиле одлуката на Влада за забрана на движење на населението од 16.00 до 05.00 часот наредниот ден. На 01.11.2020 во 13.00 часот, С.Т. не бил затекнат во неговиот дом на ул.„Крушевска Република" во Струмица, со што не постапил според издадено решение за изолација од Државен санитарен и здравствен инспекторат.

На 24.12.2020 во 05.30 часот во СВР Скопје, Б.Р. пријавил дека во с.Сингелиќ, скопско настанал пожар во неговото патничко возило „мерцедес", со гостиварски регистарски ознаки. Пожарот бил изгаснат, а увидот е во тек.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против А.А. (58) од с.Вељуса,струмичко, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". Во период од 02.11.2020 до 07.11.2020 пријавената своеволно, без да потпише изјава и да го информира дежурниот медицински персонал, го напуштила Одделението за инфективни болести при Општа болница – Струмица, каде била хоспитализирана.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет